**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.29**

**И.бр. 98/2023**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот - ремитент Шпаркасе Банка АД Скопје (правен следбеник на Охридска Банка АД Скопје) со ЕДБ 4030993261735 и ЕМБС 4558669 и седиште на ул.Васил Иљоски бр.14, засновано на извршната исправа Нотарски Акт – Изјава за уредување на права и обврски по меница ОДУ бр.544/2019 од 27.05.2019 година на Нотар Ванчо Андоновски од Скопје, против должникот трасант - акцептант Друштво за трговија и услуги ДелЦо ДООЕЛ Скопје од Скопје со ЕДБ 4032011513747 и ЕМБС 6705332 и седиште на бул.Киро Глигоров бр.4-5, Гази Баба, и должникот – авалист-емец Кристијан Маг. Д-р Конрад од Виена со живеалиште на ул.Ротентурмштрасе бр.13, Виена Австрија, за спроведување на извршување на ден 06.03.2024 година го составува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВТОРА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА Втора продажба со усно јавно наддавање на следниот подвижен предмет:
Товарно моторно возило, марка: Citroen тип: Berlingo 1.9 D, со број на шасија: VF7GCWJYB94054617, број на мотор 6070323, година на производство: 2003, со регистарски број SK 9636 AK, со вредност во износ од 43.181,00 денари, која вредност претставува почетна цена за второто усно јавно наддавање.

Предметот е оптоварен со следните товари: Заложно право во корист на заложниот доверител Шпаркасе Банка АД Скопје.

**Продажбата ќе се одржи на ден 19.03.2024 година во 11:00 часот во просториите на Извршител Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2.**

Продажбата на предметот ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и на веб страна на Комората на извршители на РСМ.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од почетната цена за јавното наддавање за предметот, најдоцна до 18.03.2024 година.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на трансакциска сметка бр.250010402320172 која се води на име на Извршител Игор Антевски од Скопје во Шпаркасе Банка АД Скопје, даночен број 5080021510736.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметот што е ставен на продажба може да се разгледа по претходна најава кај извршителот.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

Д.-на: должник трасант - акцептант
доверител – ремитент
Заложен доверител Шпаркасе Банка АД Скопје

X ______________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.